СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 1617/2021
Дата......29.10.2021......

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и 76/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42 став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Арачиново, се издаваат Услови за планирање на просторот за изработка на **Урбанистички план за село Мојанци, КО Мојанци, Општина Арачиново.**

Површината на планскиот опфат согласно Предлог Планската програма изнесува од 295,96 ha и неговата местоположба е дефинирана во рамките на прикажан графички прилог.

Дефинирањето на границите на планскиот опфат, со површина на истиот, ќе се утврди со одобрената Планската програма. Се задолжува Општина Арачиново, по донесување на планот, да достави информација до Агенција за планирање на просторот и Министерство за животна средина и просторно планирање за конечниот плански опфат.

Планскиот опфат ги тангира веќе издадените Услови за планирање на просторот со тех. бр.:

-Y10512 – Проект за реконструкција и рехабилитација на делови од регионален пат Р 1104 и Р2133 делница од село Липково до село Арачиново;

-Y07705- Услови за планирање на просторот за поставување на подземна мрежа со кабел на подрачјето: Деве Баир-Ќафасан;

-Y40214 – Урбанистички план за село Арачиново.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

**Условите за планирање на просторот треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согладсност со Просторниот план на Република Македонија.**

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y28721** се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот за изработка на **Урбанистички план за село Мојанци, КО Мојанци, Општина Арачиново**, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на **Урбанистички план за село Мојанци, КО Мојанци, Општина Арачиново** потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

6. Донесувачот на **Урбанистички план за село Мојанци, КО Мојанци, Општина Арачиново** е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на Стратегиска оцена на животната средина (СОЖС), во која треба да се образложени причините за спроведувањето односно неспроведувањето, на начин и постапка пропишани со Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 39/16, 99/18) .


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Арачиново, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), со постапка бр. 38589 од 06.10.2021 год. до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за изработка на **Урбанистички план за село Мојанци, КО Мојанци, Општина Арачиново.** Површината на планскиот опфат согласно Предлог Планската програма изнесува од 295,96 ha и неговата местоположба е дефинирана во рамките на прикажан графички прилог. Дефинирањето на границите на планскиот опфат, со површина на истиот, ќе се утврди со одобрената Планската програма.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изработка на **Урбанистички план за село Мојанци, КО Мојанци, Општина Арачиново** и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1617/2021 од 27.10.2021 година.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15 и 76/20), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение на Услови за планирање на просторот за изработка на **Урбанистички план за село Мојанци, КО Мојанци, Општина Арачиново** и одлучи како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство**: Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Изготвил: Дајана Марковска Ристеска

Одобрил: Соња Фурнаџиска



Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk